**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-253**
**03.08.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – ЗАВМУ („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-253 од 20.07.2023 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-253 од 31.07.2023 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2966/2 од 01.08.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 25-та седница одржана на 01.08.2023 г. донесе

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, бр.08-902 од 08.07.2015 г. на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.
2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.
3. Оваа Одлука е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија ИРИС ДОО Штип, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-902 од 08.07.2015 г., за емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа која не

користи ограничен ресурс, на регионално ниво, за подрачјето на Д3 – Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново – Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево и Берово), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

Согласно член 68 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување ја доделува Агенцијата за одредено ниво на гледаност или слушаност (државно, регионално или локално), а имателот на дозволата стекнува право да го емитува радио или телевизискиот програмски сервис во подрачјето за кое ја добил дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот закон, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Согласно член 27 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, ЗАВМУ и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗАВМУ).

Во член 27 став 4 од ЗАВМУ пропишано е дека Агенцијата врши вонреден надзор, кој се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата.

На 12.07.2023 г., ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип до Агенцијата достави Допис (Уп1 бр.03-189), во кое меѓудругото наведува дека заради тешката финансиска состојба ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип не било во можност да емитува телевизиска програма, како и да ги исполнува законските обврски. Поради тоа радиодифузерот известува дека ја враќа дозволата за телевизиско емитување. Агенцијата на 18.07.2023 г. достави Известување до ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип во врска со горецитираниот Допис во кое го извести радиодифузерот за тоа што е потребно да се достави доколку се престанува со емитување на телевизиска програма.

Врз основа на Дописот (Уп1 бр.03-189 од 12.07.2023 г.) од радиодифузерот, а постапувајќи по службена должност, Секторот за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата на 20.07.2023 г., до Директорот на Агенцијата и до Советот на Агенцијата достави Службена белешка (Уп1 бр.08-246) во која известува дека Секторот, односно Одделението за информатичка поддршка и технологии извршило проверка на ИКТ системот за мониторирање на телевизиски и радио сервиси и при проверката било утврдено дека ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип не емитувал програма подолго од 90 дена, кој рок е утврден за чување снимки на радиодифузери на регионално ниво, со што се исполнети условите од член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ за одземање на дозволата (имателот на дозволата престанал со емитување на програмски сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини).

Согласно наведеното, Секторот за информатичка поддршка и општи работи до Директорот на Агенцијата достави Писмен извештај за извршен административен надзор извршен на 19-ти јули 2023 г., вонреден по службена должност административен надзор (арх.бр.03-2910/1 од 20.07.2023 г.), при што период опфатен со надзорот беше 20.04.2023 г. заклучно со 19.07.2023 година. Во цитираниот Писмен извештај е наведено дека со вонредниот административен

надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, реализиран во периодот од 20.04.2023 г. заклучно со 19.07.2023 г., констатирано е дека ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, повеќе од 30 дена не емитува телевизиски програмски сервис, што преставува основ за одземање на дозволата за телевизиско емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ. Во Писмениот извештај за извршен административен надзор (арх.бр.03-2910/1 од 20.07.2023 г.), согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од ЗАВМУ, се даде предлог мерка директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот на Агенцијата за покренување постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, Уп1 бр.08-902 од 08.07.2015 година.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ утврдено е дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба и членот 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, кој пропишува дека доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини и истото е основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, врз основа на член 83 став 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 82 став 1 алинеја 2 достави Предлог Уп1 бр.08-253 од 20.07.2023 г. за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.

Советот на Агенцијата на 24-та седница одржана на 21.07.2023 г., со Заклучок, арх.бр.02-2911/2 од 21.07.2023 г., го усвои Предлогот, Уп1 бр.08-253 од 20.07.2023 г., за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г., доставен од предлагачот Директорот на Агенцијата.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г., а согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-253 од 25.07.2023 г., во кое му беше укажано дека доколку веднаш не го усогласи работењето и отпочне со емитување телевизиска програма, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-253 од 20.07.2023 г., ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за телевизиско емитување, по што согласно член 85 став 2 од ЗАВМУ, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-253 од 25.07.2023 г., Агенцијата го испрати до ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип во писмена форма по препорачана пошта. Со оглед дека до Агенцијата до моментот на донесување на оваа Одлука, не е доставена повратница од А.Д Пошта на РСМ за прием на Известувањето (Уп1 бр.08-253 од 25.07.2023 г.), Агенцијата изврши проверка во електронскиот систем - следење на пратки на А.Д Пошта на РСМ преку кој се проверува статусот на пратката, при што беше констатирано дека цитираното известување е испорачано до радиодифузерот на 27.07.2023 г. Исто така, Известувањето Уп1 бр.08-253 од 25.07.2023 г., беше испратено и во електронска форма на официјалната електронската адреса на

радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ, како и на електронските адреси евидентирани во регистарот на радиодифузери на Агенцијата.

Исто така, на 31.07.2023 г. Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права до Советот на Агенцијата и до овластеното лице за замена на Директорот на Агенцијата (согласно Овластување арх.бр.03-2639/1 од 27.06.2023 г.) достави Известување арх.бр.08-253 за работењето на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, во кое наведува дека Советот на Агенцијата на 15-та седница одржана на 18.05.2023 г., поради неисполнување на обврските од член 15 ставови 1 и 3 од Законот за медиуми (ЗМ), на радиодифузерот му изрекол мерки – опомени и му наложил во рок од 45 дена од денот на приемот на решенијата за преземање мерки да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. Решенијата за преземање мерки - опомена биле уредно примени од страна на радиодифузерот, но истиот и по истекот на рокот за усогласување (21.07.2023 г.) не го усогласил своето работење согласно ЗМ. Согласно член 15 став 6 од ЗМ, доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, исполнети се условите надлежното регулаторно тело да ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со ЗАВМУ.

Со цел да се утврди дали радиодифузерот го усогласил своето работење со одредбите од ЗАВМУ и отпочнал со емитување телевизиска програма, Секторот за информатичка подршка и општи работи на 28.07.2023 г. изврши контролен, по службена должност на Агенцијата административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, при што беше изготвен писмен Извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2964/1 од 28.07.2023 г., во кој беше констатирано дека наведениот радиодифузер не го усогласил своето работење, односно не започнал со емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ. Во цитираниот извештај дадена е предлог мерка – Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот на Агенцијата да се донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата бр.08-902 од 08.07.2015 г. - ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата Уп1 бр.08-253 од 20.07.2023 г. од страна на Советот на Агенцијата, не ја отстранил повредата на член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, а согласно Предлогот Уп1 бр.08-253 од 31.07.2023 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип од Директорот на Агенцијата и Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-2966/2 од 01.08.2023 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата

има право да поднесе тужба до надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.